Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 06.10.2024

Денеска (06.10.2024) во 01.40 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип ги лишиле од слобода М.К.(19), И.Ц.(21) и Б.Ј.(20), сите од Штип, затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (06.10.2024) во 03.15 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.К.(36) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (06.10.2024) во 06.00 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (06.10.2024) во 01.30 часот во Скопје, во угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Д.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (06.10.2024) во 01.30 часот во Скопје, во угостителски објект на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода Н.М.(38) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (06.10.2024) во 03.00 часот во Скопје, во угостителски објект на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, го лишиле од слобода Д.С.(34) од Кочани, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.10.2024 во 23.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода Л.К.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (06.10.2024) во 02.10 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од ОКР Ѓорче Петров при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.М.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.10.2024 во 19.05 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во Скопје, на крстосница од ул.„Февруарски поход" и сервисна улица која води кон паркинг простор се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.Т.(36) од Скопје, мопед „априлија", управуван од малолетник од Скопје и уште еден мопед „априлија" со скопски регистарски ознаки, исто така управуван од малолетник од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајата малолетници, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

Денеска (06.10.2024) во 04.35 часот во ОВР Гостивар, било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар-с.Србиново на мостот кај с.Беловиште, патничко возило „хјундаи" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.М.(45) од Р.Турција, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, додека со телесни повреди неговите сопатници И.Н.(22) и О.Т.(23), двајцата од Р.Турција, констатирани во Општата болница во Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Гостивар.

На 05.10.2024 во 13.15 часот во СВР Велес, било пријавено дека на ул.„Алеко Демнивески Бауман" во Велес, товарно возило „мерцедес" со велешки регистарски ознаки управувано од А.А.(40) удрило во пешакот Р.Л.(69) и двајцата од Велес. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Р.Л. констатирани во Општата болница во Велес. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Велес.

На 05.10.2024 околу 12.00 часот во СВР Куманово, било пријавено дека на ул.„Братство и единство" во Куманово, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „шкода" со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(62) и патничко возило „мерцедес" со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.Р.(60), двајцата од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил М.Д. а со телесни повреди се здобил С.Р. и неговиот сопатник И.Ѓ.(44) од Куманово, констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Куманово.

На 05.10.2024 во 18.40 часот во Полициска станица Центар, К.Ј.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 05.10.2024 во 13.00 часот во Полициска станица Гази Баба, М.Т.(77) од Скопје пријавила дека на ул.„Методија Андонов Ченто" во Скопје била касната од куче скитник.

На 05.10.2024 во 19.30 часот во Полициска станица Гази Баба, Н.С.(33) од Скопје пријавил дека на ул.„Методија Андонов Ченто" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 05.10.2024 околу 16.45 часот во Полициска станица Ѓорче Петров, Ј.М.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Веле Марков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 05.10.2024 во 20.30 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Х.Д.(33) од Струмица. Тој на 05.10.2024 во 06.40 часот на регионален пат Струмица-Валандово, на излез од село Костурино, струмички, управувајќи патничко возило „фиат" учествувал во сообраќајна несреќа со трактор „имт" со струмички регистарски ознаки, кој влечел нерегистрирана приколка, управуван од Р.Ш.(40) од село Костурино, по што Х.Д. го напуштил местото на настанот. Во сообраќајната несреќа на местото на настанот починал Г.Б.(51) од село Костурино, а со телесни повреди се здобил Т.Б.(54), од село Костурино, кои се превезувале на полуприколката. Увид на местото извршија јавен обвинител од Основен јавно обвинителство Струмица и екипа на СВР Струмица. Х.Д. е задржан во Полициската станица Струмица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.10.2024 во 11.55 часот во ОВР Крушево било пријавено дека на ул.„Никола Карев" во Крушево се случила сообраќајна несреќа во која патничко моторно возило „форд" со крушевски регистарски ознаки, управувано од В.Д.(61) од Крушево, удрило во паркирано патничко моторно возило „ауди" со крушевски регистарски ознаки. В.Д. со возило на Итна медицинска помош Крушево била пренесена во Градска болница Прилеп, каде и биле констатирани тешки телесни повреди. Увидот го извршила увидната екипа на ОВР Крушево.

На 05.10.2024 околу 20.20 часот во СВР Скопје е пријавено дека на ул. „Цветан Димов" во Скопје имало повредено лице од огнено оружје, кое било пренесено во ГОБ „Св.Наум Охридски" во Скопје за укажување помош. Утврдено е дека повреденото лице е А.Б. (19) од Скопје, кој во службен разговор со полициските службеници појаснил дека додека се движел пеш по ул. „Цветан Димов", од возило излегол Б.Б. и пукал кон него со пиштол неколку пати. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 05.10.2024 во 03.30 часот во Кавадарци полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода Л.К.(51) од село Ваташа, кавадаречко, затоа што при преглед во неговото патничко возило „пежо" со кавадаречки регистарски ознаки биле пронајдени бела прашкаста материја и стаклен предмет. Л.К. бил задржан во полициска станица и известен бил јавен обвинител. По издадена наредба од Основен суд Кавадарци, од страна на полициски службеници за недозволена трговија со дрога од ОВР Кавадарци бил извршен и претрес во неговиот дом, каде биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, стаклен предмет со остатоци од бела прашкаста материја и дигитална вага. По документирање на настанот против Л.К. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.10.2024 во 23.10 часот на улица „Иво Лола Рибар" полициски службеници од СВР Тетово- Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај, го лишиле од слобода М.Ш. (24) од с.Нераште, тетовско. Кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против К.С.(25) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.04.2024, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Р.(31) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 20.08.2024 во с.Марино, општина Илинден, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „волксваген поло", управувано од пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Ш.(38) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 25.09.2024 на бул.„Илинден" во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот при што били пронајдени и одземен кокаин.

На 05.10.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, Ј.К.(37) од Австралија пријавил дека околу 19.40 часот во Скопје, тој и неговата сопруга влегле во такси возило, кое ги однело од трговски центар во Скопје до крстосницата помеѓу бул.„Кузман Јосифовски Питу" и ул. „Беласица" и за тоа на такси возачот му платиле 200 денари за еден километар. Но, возачот им кажал дека не е доволно и од паричникот на оштетениот сам одзел околу 1700 денари, а потоа им рекол да го напуштат возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (06.10.2024) во 00.56 часот во СВР Скопје од Казнено поправната установа Идризово било пријавено дека на 05.10.2024 околу 20.30 часот во установата Б.К.(31) од Тетово бил физички нападнат од М.К.(29) од Куманово и А.Л.(24) од Скопје и уште неколку други лица, сите осуденици од установата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (06.10.2024) во 02.00 часот во Скопје, од угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Ф.Т.(23) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.10.2024 во 23.00 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека на локалниот пат Пробиштип-с.Стрмош, патничко возило „опел антара" со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од А.С.(28) од Пробиштип, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Пробиштип.

На 05.10.2024 во 08.53 часот во СВР Штип, било пријавено дека во Штип, на 04/05.10.2024, непознат сторител оштетил влезна дрвена врата од црквата „Цар Константин и царица Елена" и скршил стакло од прозорец на помошна просторија, но не одзел ништо. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.10.2024 во 16 часот полициски службеници од ОВР Прилеп во Прилеп го лишиле од слобода Т.Д.(49) од Прилеп, по пријава од 45-годишен маж од Прилеп дека Т.Д. се соблекол пред малолетни девојчиња и ги вознемирувал. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.10.2024 во 10.05 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на подрачјето на Карпош настанал пожар во куќа, сопственост на М.К.(84), додека таа готвела. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита-Скопје, а М.К. се здобила со изгореници, по што била пренесена во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 05.10.2024 во 08.41 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во с.Нерези, скопско на паркинг простор било опожарено патничко возило „пежо" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Е.А. од с.Нерези. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет